АД „ОХРИДТУРИСТ„ - ОХРИД по Барање за дополнување на дневниот ред за работа на Вонредното собрание на акционери на АД „ОХРИДТУРИСТ„ - ОХРИД свикано за ден 02.04.2025 година, со почеток во 12,00 часот во просториите на седиштето на друштвото Хотел ПАЛАС – Охрид на Улица Партизанска број 8 Охрид, во смисла на член 390 став 9 од ЗТД и член 50 став 8 од Статутот на АД „ОХРИДТУРИСТ„- ОХРИД објавува

ЈАВНА ОБЈАВА
За дополнување на Дневниот ред за работа на Вонредното собрание на акционерите на АД „ОХРИДТУРИСТ„ - ОХРИД свикано за ден 02.04.2025 година

Со Барањето за дополнување на дневниот ред за работа на Вонредното собрание на акционери на АД „ОХРИДТУРИСТ„- ОХРИД свикано за ден 02.04.2025 година во 12,00 часот, акционерот Трговско Друштво за производство, трговија и превоз Колески Ќире ДООЕЛ ЕКСТРА-СКОПСКО увоз-извоз с.Косел, заведено под број 03-64/1 од 07.03.2025 година, акционер сопственик на над 5% од акциите со право на глас предлага дополнување на Дневниот ред за работа на Вонредното собрание на акционерите за 02.04.2025 година со нова точка која гласи:

- Донесување одлука за водењето на работењето со АД „ОХРИДТУРИСТ„ Охрид од членовите на Одборот на директори по донесените одлуки на Собранието на акционери на друштвото

По Барањето за дополнување на дневниот ред број 03-64/1 од 07.03.2025 година поднесено од акционерот одлука донесува Собранието на акционерите при усвојувањето на дневниот ред за работа на Собранието.

Заинтересираните лица и акционери можат да извршат увид во Предлог Одлуката доставена заедно со Барањето, во архивата на Друштвото секој работен ден од 12,00 - 14,00 часот или на официјалната интернет страница на Друштвото: www.ohridturist.mk

АД „ОХРИДТУРИСТ„ - ОХРИД